Сектор за претприемништво и конкурентност на мали и средни претпријатија
Departamenti për sipërmarrësi dhe konkurueshmëri të ndërmarrjeve te vogla dhe të mesme

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 16/2019 ), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## **За кофинансирање на трошоци за едукација на вработени во микро, мали и средни претпријатија**

**1. Предмет на јавниот повик** е кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработени лица во микро, мали и средни претпријатија т.е за учество на обуки организирани од верифицирани установи и институции акредитирани од страна на Центарот за едукација на возрасни.

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година дел II, област А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство, мерка 4 – Мерки за поддршка за стручно оспособување на вработените во микро, мали и средни претпријатија, подмерка 4.2. Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во микро, мали и средни претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 16/2019) предвидени се средства во вкупен износ од 600.000 денари.

Максималниот износ за кофинансирање изнесува до 50% од докажаните трошоци за предвидената намена, но не повеќе од 60.000 денари по барател/претпријатие.

Кофинансирани ќе бидат докажаните трошоци настанати во текот на 2018 и 2019 година.

Средствата **не се наменети** за кофинансирање на трошоци за следните обуки:
- за странски јазици,
- основни познавања за работа со компјутери,
- од областа на здравството,


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин “ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

- од областа на земјоделие.

**2. Право на учество на јавниот повик имаат:**

Активни претпријатија регистрирани како ТП,  ДООЕЛ, ДОО кои ги исполнуваат следните услови:

- Работење во траење од најмалку 6 (шест) месеци пред објавувањето на јавниот повик  *(упис во трговскиот регистар*);
- Имаат деловно седиште на територијата на Република Северна Македонија;
- Намирени обврски кон државата и вработените.
- Да имаат минимум 1 вработен на неопределено полно работно време.
- Не биле кофинансирани за истата намена/обука во текот на 2018 година преку Програмата за конкурентност , иновации и претприемништво за 2018 година.

**3. Потребни документи за пријавување:**

- Пополнет Образец **„Барање – КЕД 2019“**  *(може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија  www.economy.gov.mk).*
- Пополнет Образец **„Изјава– Државна помош 2019“, заверена на нотар** *(Изјавата од барателот за доделена државна помош, може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија* ***www.economy.gov.mk*** *);*
- Пополнет образец **„Изјава -2019“ заверена на нотар** *( може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија* ***www.economy.gov.mk****);*
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија не постара  од 2 (два) месеци;
- Доказ за посетена обука на вработен/и кај апликантот издаден од институција/установа за образование на возрасни верифицирана од страна на МОН.


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

- Список на моментално вработени лица во претпријатието издаден од Агенцијата за вработување не постар од 2 (два) месеци.
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, не постаро од 2 (два) месеци;
- Фактура/и за направените трошоци за предвидените намени со Извод од банка депонент од кој се гледа дека апликантот целосно ги подмирил обврските за направените трошоци по приложените фактури;

Горенаведената документација се доставува во оригинал или копија.
Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.

Покрај горенаведената документација подносителот на барањето треба да приложи и:

- Уплатница на износ од 250,00 денари ( *Цел на дознака:* Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Приходи на органи на управа, *Банка на примач:* Народна банка на Република Северна Македонија, *Трезорска сметка*: 100000000063095, *Уплатна сметка*: 840 ________ (во зависност од општината) 06116, *Приходна шифра и програма*: 725930 00 ) и
- Уплатница на износ од 50,00 денари ( *Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Трезорска сметка, *Банка на примач:* Народна банка на Република Северна Македонија, *Трезорска сметка:* 100000000063095, *Уплатна сметка:* 840________ (во зависност од општината) 03161, *Приходна шифра и програма:* 722313 00 ).

Барањата заедно со потребната документација и уплатниците се доставуваат во затворен плик до Архивата на Министерство за економија, ул. "Јуриј Гагарин" 15, Скопје, секој работен ден од 9:00 -15:00 часот.

Сектор за претприемништво и конкурентност на мали и средни претпријатија
Departamenti për sipërmarrësi dhe konkurueshmëri të ndërmarrjeve te vogla dhe të mesme

На пликот треба да стои :

**До Министерство за економија**
За „Јавен повик за кофинансирање на трошоци за едукација на вработени во микро, мали и средни претпријатија“, со назнака **„ НЕ ОТВАРАЈ “.**

При поднесување на барањето секој апликант има право да побара потврда од Архивата за редниот број, датумот и часот на поднесување на барањето.

Доколку барањето се доставува преку пошта како датум на поднесување на барањето ќе се смета датумот кога барањето е пристигнато и заведено во Архивата на министерството за економија.

Разгледувањето и изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени во Јавниот повик, ќе се прави по принципот **“ПРВ ДОЈДЕН, ПРВ УСЛУЖЕН“** односно по редослед на поднесување и пристигнување на барањата во архивата на Министерството за економија. Доколку средствата се исцрпат додека сеуште трае јавниот повик, Министерството за економија ќе објави Известување за исцрпување на расположивите средства на својата веб страна www.economy.gov.mk и на www.konkurentnost.mk.

Барањата за кофинансирање на трошоци за едукација на вработени во микро, мали и средни претпријатија ќе ги разгледува Комисија формирана од министерот за економија.

Во случај да поднесеното Барање е некомплетно, односно недостасува некој од потребните документи наведени во Јавниот повик, Комисијата писмено ќе побара од апликантот да го дополни Барањето со документите кои недостасуваат, во определен рок.

Со цел запазување на принципот “прв дојден, прв услужен“, за Барањата со некомплетна документација, како датум на поднесување на Барањето ќе се смета датумот и часот на последното дополнување на Барањето преку архивата на Министерството за економија, односно датумот кога Барањето ќе биде целосно комплетирано.


Министерство за економија на
Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

Крајниот рок за поднесување на Барања по овој јавен повик е до 16.09.2019 година.

Барањата кои ќе пристигнат по завршувањето на рокот за поднесување нема да бидат разгледувани.

тел: (02) 3093 445; 3093 501 www.economy.gov.mk